Алкалоид АД Скопје

Бизнис план за 2020 година - резиме

Декември 2019

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

За Алкалоид

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која повеќе од осум децении работи на производство на лекови, преработка на билни суровини, производство на козметички и хемиски производи. Нашата организациска поставеност одговара на потребите на нашите корисници, поради што нашето акционерско друштво е составено од два профитни центри:

- Фармација и
- Хемија, Козметика и Билкарство.

Групацијата Алкалоид е составена од две подружници во земјата како и 16 подружници и 2 претставништва во странство односно во Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Русија и САД. Компанијата има 1.620 вработени во земјата и 492 вработени во подружниците и претставништвата надвор од земјата.



Аспирации и вредности

Посветени сме на постојан развој и затоа поставивме курс да го глобализираме нашето име. Нашата цел е обезбедување конзистентност и подобрување на бизнис-перформансите преку одржување, односно зајакнување на позициите на актуелните пазари и разумно проширување на нови пазари.

Визија

Нашата визија е да се развиваме како извозно ориентирана фармацевтска компанија со стабилна пазарна позиција, отворена кон нови пазари и кон нови партнерства, како компанија која произведува и пласира генерички лекови со највисок квалитет, применувајќи најсовремени производствени технологии и деловни стандарди.

Мисија

Нашата мисија е постојано тежнеење кон поздрав свет, супериорен квалитет на производи и на услуги, но и кон професионалност и успешност во деловните операции.

Императив

Наш императив е заштитата на интересите на вработените, потрошувачите, акционерите и на деловните партнери, а основната определба е **ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ**.

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Бизнис план за 2020


Приходи од продажби

Бизнис планот за 2020 година предвидува консолидирани продажби од над 190 милиони евра, што претставува раст од 7% во однос на очекуваните за 2019 година.




Продажби по сегменти

Сегментарно по Профитни центри, 86% од консолидираните продажби се очекува да ги реализира ПЦ Фармација, а 14% ПЦ Хемија Козметика Билкарство.




Продажби по пазари

Се очекува 35% од консолидираните продажби да бидат остварени на домашен пазар додека 65% од извоз.



Планирани резултати

Планираниот биланс на успех предвидува раст од 10% на консолидираната добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (EBITDA). Консолидираната нето добивка е предвидена со раст од најмалку 7% во однос на очекуваната за 2019 година.



*прелиминарните проекции за 2019 година може да се разликуваат од конечните резултати

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Инвестиции

Бизнис планот за 2020 година предвидува инвестирање на околу 14% од консолидираните приходи од продажби во материјални и нематеријални средства.

Во 2019 година започнаа инвестициите во новите производни одделенија што ќе се простираат на површина од 7.000 м^2 и кои како и останатите, ќе се изведуваат во согласност со строгите барања за Добра производствена практика (GMP). Ова ќе овозможи зголемување на капацитетите за производство за најмалку 50%, односно од сегашниот капацитет од речиси 2 милијарди таблети и капсули годишно, на повеќе од 3 милијарди парчиња цврсти фармацевтски форми. Вкупниот износ на инвестицијата е проценет на 11 милиони евра. Комплетирањето на оваа инвестиција, планирано за првата половина од 2020 година, ќе создаде услови за реализирање на околу 200 нови вработувања во сегментот Фармација.

Во 2020 година предвидена е и финализација на проектот за гасификација на локалитетот Алкалоид - Ѓорче Петров со цел подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетни емисии во воздухот. Природниот гас претставува исклучиво вредна енергетска и хемиска суровина која поседува значајна технолошка, економска и еколошка вредност во однос на останатите горива, истиот е идеално гориво кое лесно се меша со воздухот, има исклучителна брзина на согорување без дим, ги согорува цврстите остатоци и не ја загадува околината. Проектот е вреден над 1 милион евра.

Согласно со растот на деловните операции на пазарот во САД, планот предвидува зголемување на капацитетите во сегментот Билкарство преку набавка на нова машина за пакување на филтер чаеви во вредност од 1,3 милиони евра.

Вработени

Следејќи ги плановите за раст и развој, во 2020 година очекуваме околу 100 нови вработувања во Алкалоид АД Скопје како и 50-тина вработувања во друштвата во странство. Продолжуваме со вложувањата во човечки капитал преку издвојување на значителни средства за обуки и останати бенефиции за вработените, воедно создавајќи предуслови за понатамошно зголемување на просечната нето плата по вработен.

Акции

Акциите на Алкалоид АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година и важат за едни од најтргуваните и најликвидни акции на берзата. Цената на акцијата во 2019 година се движеше од 8.200,00 денари до 11.800,00 денари или просечно 9.493,29 денари за една акција. Цената на акцијата на последната трансакција на 27.12.2019 година изнесуваше 11.800,00 денари. Пазарната капитализација на компанијата надмина 16 милијарди денари.

Менаџментот на компанијата ќе продолжи и понатаму со досегашната дивидендна политика соодветно на остварените резултати. Планот предвидува алоцирање на дел од нето добивката на компанијата за дивиденда и персонален данок, додека остатокот за инвестиции.

Приоритети

Согласно стратешката определба, Алкалоид и во 2020 година ќе продолжи по курсот на развојот, ќе продолжи да инвестира во производствените капацитети и во современите технологии, во човечките ресурси и во заедницата воопшто.

- Прв приоритет и понатаму останува регионот;
- Втор приоритет се земјите од ЕУ, САД, Русија и земјите од ЗНД;
- Трет приоритет се останатите пазари.

Бизнис планот на Компанијата за 2020 година е донесен со одлука на Управниот Одбор на Алкалоид АД Скопје на седницата одржана на 27.12.2019 година.